ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И КОНСУЛТАЦИЈА ЗА КРЕДИТНО

ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО ФИНАСИСКА ИНСТИТУЦИЈА

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**за одржување на јавна презентација и консултација за кредитно задолжување во финансиска институција за реализација на проектот**

**“Доизградба на фекалната мрежа во населено место Гоце Делчев”, Општина Гази Баба**

На основа на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа на РС Македонија (“Службен весник на РМ“ бр.61//04, бр. 96/04, бр. 67/07, бр.156/09, бр. 47/11, бр. 192/15, бр. бр.209/18, бр. 244/19, бр. 53/2, бр. 77/21, бр. 150/21, 173/22), Општина Гази Баба ја започнува постапката за кредитно задолжување за реализација на проектот „Доизградба на фекалната мрежа во населено место Гоце Делчев “, општина Гази Баба.

За таа цел, Ве покануваме на јавна презентација и консултација за кредитно задолжување во финансиска институција за реализација на проектот „Доизградба на фекалната мрежа во населено место Гоце Делчев “, која ќе се одржи на **22.09.2022 (четврток) со почеток во 19.00 часот во просториите на О.У. “Крум Тошев”, населено место Трубарево,**

со следниот дневен ред:

1. Вовед во настанот – Претставник на општина Гази Баба; - 5 минути
2. Презентација на проектот и условите за финансирање на проектот, Претставник на општина Гази Баба; - 20 минути
3. Дискусија.

**Скопје, 15.09.2022 година**